# Општи услови за деловна соработка со Групацијата за осигурување Сава

## 1 Значење на употребените поими

**Добавувач (изведувач)** – секој деловен субјект, којшто му доставува стоки на купувачот, односно врши услуги за нарачателот.

**Купувач (нарачател)** – друштвото Сава ре, д.д. и сите друштва на Групацијата за осигурување Сава.

**Набавка** – кога кај нарачателот ќе се појави потреба од (1) обезбедување на конкретна услуга, (2) испорака на конкретни стоки или (3) од нешто друго, коешто му е потребно на нарачателот за извршување (вршење) на својата дејност:

договорните страни ќе склучат посебен писмен договор (на пр. договор за продажба, подзакуп, за закуп, лиценцен или каков било друг писмен договор) или нарачателот ќе му достави на изведувачот писмена нарачка или

нарачателот ќе ја достави нарачката во друга писмена форма, вклучувајќи нарачка по електронска пошта или во друга електронска форма.

За сè што е претходно наведено се користи заедничкиот израз „**набавка**“.

**Страни во постапката за набавка или договорни страни** – купувач (нарачател) и добавувач (изведувач) врз основа на склучена нарачка.

**Документ за преземање** – писмен документ, со којшто се потврдува соодветно квалитативно и квантитативно преземање на испорачаните стоки, односно извршената услуга.

**Групација за осигурување Сава** – друштвата од Групацијата за осигурување Сава, објавени на интернет страницата:

https://www.sava-re.si/en-si/about/leadership/.

## 2 Општи одредби

2.1. Општите услови за деловна соработка (во продолжение: услови за соработка) со Сава ре, д.д., Дунајска цеста 56, 1000 Љубљана, Словенија (во продолжение: купувач) важат за сите нарачки, коишто купувачот ќе ги достави до добавувачот.

2.2. Во случај на нарачка кон добавувач од страна на Сава Ре за две или повеќе друштва од Групацијата за осигурување Сава за сите учесници важат условите за соработка на Сава Ре. Евентуални исклучоци може да се договорат писмено со одделни нарачки.

2.3. Условите за соработка ги уредуваат односите, коишто произлегуваат од деловната соработка меѓу купувачот и добавувачот. Во постапките на купувачот исклучиво и во целост важат нарачките, при што купувачот не признава евентуални општи услови на добавувачот, односно изведувачот.

2.4. За да се избегне секакво недоразбирање, купувачот смета дека самата понуда на добавувачот, потврда или извршување на набавката важи како прифаќање на условите за соработка на купувачот (нарачателот) од страна на добавувачот, со коишто добавувачот се согласува во целост. Купувачот го задржува правото за одделна набавка да определи посебни услови за деловна соработка (во продолжение: посебни услови), коишто се применуваат покрај овие услови за соработка, што посебно писмено ќе се определи во одделната нарачка. Во случај на противречности меѓу посебните услови и овие услови за соработка, важат одредбите на посебните услови, при што тие услови за соработка се во целост обврзувачки и се применуваат во деловите, коишто посебните услови не ги уредуваат.

2.5. Никакви општи или поинакви услови за соработка во хартиена, електронска или друга форма, коишто добавувачот ќе ги достави во рамките на одделна набавка, не се обврзувачки за купувачот, освен ако купувачот изречно ја потврди писмената изјава и определи кои од условите на добавувачот се користи за одделна набавка.

2.6. Добавувачот со овие услови за соработка е известен и дека податоците, добиени во постапката на определена набавка, ќе бидат обработени во компјутерскиот систем на купувачот.

## 3 Барање за доставување на понуда, понуда и набавка

3.1. Во случај на доставено барање за доставување на понуда или тендер, купувачот го задржува правото:

- да не избере ниедна понуда,
- за цената да преговара и по добивањето на понудата,
- да не ги прифати ставките, коишто се наведени во понудата како незадолжителни,
- да ја достави нарачката според склопови до различни добавувачи и
- да не даде образложение кога нема да достави нарачка до понудувачот на стоки, односно услуги, и за изборот да не ги извести неизбраните понудувачи.

3.2. Понудите на добавувачот се бесплатни и тие се необврзувачки за купувачот. Понудата мора да ги содржи сите информации, коишто купувачот ќе ги наведе барањето,

односно најмалку предметот, неговиот квалитет, количината и цената, условите за плаќање и рокот и начинот за доставување на предметот на набавката. Во некои случаи баран составен дел од понудата е и доставување на примерок од стоките. Ако во барањето не е наведено поинаку, рокот за доставување на понудата изнесува два работни дена од денот на приемот на барањето. Добавувачот е врзан со понудата до истекот на рокот на нејзиното важење, при што тој рок не може да биде покус од 14 дена. Понудата се смета за прифатена ако купувачот во целост и без писмени предлози за промена и дополнување ја потврди со писмена нарачка пред истекот на рокот на нејзината важност.

3.3. Купувачот ги доставува нарачките до добавуачот во писмена форма. Евентуални усни договори во рамките на нарачката не се обврзувачки, освен ако купувачот не ги потврди писмено.

3.4. Приемот на нарачката добавувачот мора да му го потврди на купувачот во писмена форма најдоцна во рок од два работни дена од датумот на издавањето на нарачката. Во спротивно купувачот смета дека добавувачот се согласува со условите на нарачката без каква било одговорност за отштета. Добавувачот во потврдата на нарачката не може да ја менува содржината на нарачката на купувачот. Откажувањето на нарачката се смета за навремено ако е пратено до добавувачот пред купувачот да добие од добавувачот потврда на нарачката.

3.5. Кога добавувачот ќе ја прифати и ќе ја потврди нарачката, зделката е склучена и таа е обврзувачка за двете страни, а условите за соработка со тоа стануваат составен дел од набавката.

# 4 Испорака и преземање

4.1. Добавувачот мора да ги испорача стоките, односно да ги изврши услугите, во согласност со одредбите на нарачката. Испораката на стоките, односно извршувањето на услугата, по правило се врши директно до купувачот и/или на однапред определено место, освен кога со нарачката е договорено поинаку.

4.2. Стоките, коишто ќе ги испорача добавувачот, односно услугата, којашто ќе ја изврши изведувачот, мора да бидат во согласност со важечките безбедносни, еколошки и други прописи. При преземањето на стоките, односно при извршена услуга, добавувачот мора на купувачот да му ја достави целата потребна документација за стоките и/или извршената услуга (на пр. нацрти за составување, упатства за вградување и монтажа или упатства за употреба и одржување). Добавувачот целата документација треба да ја достави најазикот на купувачот, а на барање на купувачот и на други јазици.

4.3. Добавувачот мора да го извести купувачот за секоја пречка, којашто би предизвикала доцнење на испораката на стоките, односно завршувањето на услугата. За навремена испорака на стоките и завршување на услугата е решавачко преземањето на договорената локација, којашто претставува регистрирана адреса (седиште) на купувачот, ако писмено не е договорено поинаку.

4.4. Преземањето по извршувањето се потврдува со потпишување на писмен документ за преземање. Од документот за преземање мора да може да се утврди видот на стоките, односно услугата, квалитетот и квантитетот, датумот и местото на преземање, бројот на нарачката и името и презимето на претставникот на добавувачот и купувачот, напишани со големи печатни букви. Потпишаниот документ за преземање преставува основа за издавање на фактура. Ако кон фактурата не биде приложен документ за преземање, купувачот може да ја одбие фактурата.

# 5 Место на испорака и преминување на опасноста од уништување или оштетување

5.1. Кај испораки, коишто вклучуваат поставување или монтажа, како и кај услуги, опасноста од уништување или оштетување преминува на купувачот од денот на преземањето, а кај другите испораки од денот на доставувањето на местото на испорака.

5.2. Одговорноста за штетата, којашто настанала поради неправилна амбалажа, паѓа на товар на добавувачот. Добавувачот мора на сопствен трошок да ја отстрани целата транспортна, продажна и сервисна амбалажа. Ако не е договорено поинаку, добавувачот на купувачот ќе му ги надомести трошоците за вратената амбалажа, којашто може повторно да се употреби.

5.3. Добавувачот мора да му укаже на купувачот на можноста од настанување на опасен отпад и притоа посебно да го наведе начинот и евентуалните можности за отстранување. На барање на купувачот добавувачот мора бесплатно да го преземе опасниот отпад, којшто ќе настане при доставувањето и користењето на стоките, односно вршењето на услугата. Ако добавувачот одбие да го преземе таквиот отпад или ако не е можно такво преземање, купувачот ќе се погрижи за соодветен третман на настанатиот отпад, при што трошоците паѓаат на товар на добавувачот.

# 6 Рок на испорака и казна за доцнење на испораката

6.1. Ако страните не се договорат поинаку, за започнување на течењето на рокот за испорака на стоките, односно завршување на услугите, се смета денот кога купувачот ќе му достави нарачка на добавувачот. Се смета дека испораката на стоките, односно завршувањето на услугите, е навремена, ако до истекот на рокот бидат исполнети сите обврски на добавувачот (изведувачот) од одделна нарачка, без грешки и без недостатоци и со договорениот квантитет и квалитет, а воедно од страна на купувачот (нарачателот) биде потпишан писмен документ за преземање.

6.2. Ако во договорот за набавката не е договорено поинаку, купувачот има право во случај на доцнење да му наплати на добавувачот казна за доцнењето во висина од 0,5 % од вкупната вредност на набавката за секој започнат календарски ден на доцнење, но не повеќе од вкупно 20 % од вкупната вредност на набавката. Купувачот го задржува правото да побара и надомест на штета, којашто го надминува износот на казната за доцнење. Купувачот го задржува правото на казна поради доцнење на испораката и во случај ако ја прими нарачката извршена со задоцнување.

6.3. Во случај на доцнење купувачот има право по истекот на дополнителниот рок за испорака, којшто му го ставил на располагање на добавувачот, да ја откаже нарачката.

Кога рокот е значаен елемент на нарачката, купувачот не е должен на добавувачот да му одобри дополнителен рок.

# 7 Посебни одредби за изведување на нарачаните работи

7.1. Добавувачот мора да ја изврши преземената работа според потврдена техничка документација. Работата мора да ја изврши стручно правилно, во согласност со важечките прописи, стандарди и обичаи на струката и со користење на материјали со квалитет, којшто претходно ќе го потврди купувачот.

7.2. Добавувачот пред започнувањето со работите мора да му достави на купувачот доказ за соодветност за сите вградени материјали, уреди и системи.

7.3. Добавувачот за исполнување на обврските од нарачката може како подизведувачи да вклучи свои надворешни стручни соработници само врз основа на претходна писмена согласност на купувачот. Притоа важи дека за изведените работи, односно извршените услуги, тој одговара како во целост да ги извршил самиот тој. Добавувачот на своите изведувачи мора да им плати за извршената работа, во спротивно купувачот наместо на добавувачот може за извршената работа да им плати директно на неговите подизведувачи.

7.4. Добавувачот мора да води дневник на изведените работи. По завршувањето на одделна фаза и при завршување на сите работи добавувачот мора да го извести купувачот дека работите се завршени и да го повика да изврши преглед. Добавувачот по завршувањето на работите за вградените системи и уреди мора на купувачот да му ја предаде гаранциската документација.

# 8 Услови на плаќање и плаќање

8.1. Цената и условите на плаќањето се договараат со преговори за понудата и се потврдуваат со одделна нарачка. Договорената цена е конечна и добавувачот не може еднострано да ја промени. Ако во нарачката не е договорено поинаку, цената ги вклучува испораката и транспортот до локацијата на испораката, наведена во нарачката, вклучувајќи ги трошоците на амбалажата и нејзиниот одвоз или уништување.

8.2. Добавувачот ќе му ја прати фактурата на купувачот веднаш, односно најдоцна во рок од осум работни дена по извршеното преземање. Фактурата мора да биде во согласност со барањата на важечкото законодавство, мора да биде приложена копија од документот за преземање, а во фактурата мора да биде наведен податок за нарачката (број и датум). Кога фактурата не е потполна, купувачот може да ја одбие или да побара нејзино дополнување, а рокот за плаќање се продолжува за времето на доцнење при доставувањето на соодветна документација.

8.3. Купувачот настојува да ја следи целта за бесхартиено работење и очекува од добавувачите да ги издаваат фактурите во електронска форма на договорената адреса на купувачот. Само во исклучителни случаи добавувачот може да му ја прати фактурата на купувачот во хартиена форма.

8.4. Купувачот ќе ја одбие фактурата, којашто не е изработена во согласност со важечкото законодавство и неговите упатства, што особено важи за податоците за нарачката или правилата за даночните обврски. Во тој случај важи дека фактурата не е издадена и дека рокот за плаќање не почнал да тече.

8.5. Плаќањето се врши во согласност со условите, наведени во нарачката. Рокот за плаќање на фактурата почнува да тече од денот кога купувачот ќе го потпише писмениот документ за преземање и правилно издадената фактура со бараните прилози.

8.6. Купувачот ќе ја плати својата обврска со уплата на трансакциската сметка на добавувачот или со компензација.

# 9 Квалитет, рекламација и гаранција

9.1. Квалитетот и квантитетот страните ќе ги утврдат на местото на испораката и ќе ги потврдат со документ за преземање.

9.2. Добавувачот при предавањето на стоките, односно завршувањето на услугата, гарантира дека испорачаните стоки, односно извршената услуга, е во согласност со договорените барања и дека не содржи грешки, коишто би ја намалувале нејзината вредност или употребливост.

9.3. Купувачот за секое отстапување во доставените стоки, односно извршената услуга, ќе му достави на добавувачот писмена рекламација (како електронско известување или записник за рекламација) најдоцна во рок од шест месеци по утврдувањето на грешката, при што купувачот може да достави приговор на грешката или да поднесе рекламација, како за скриените грешки, така и за грешките, коишто би можеле да се забележат уште при потпишувањето на документот за преземање. Добавувачот одговара за грешките, коишто ќе се појават во рок од две години од денот на потпишувањето на документот за преземање.

9.4. Добавувачот мора на купувачот да му достави писмен одговор на рекламацијата или известувањето за грешка во рок од два работни дена од приемот на рекламацијата или известувањето за грешката.

9.5. Добавувачот мора рекламацијата или грешката да ги отстрани во разумен рок, којшто не смее да биде подолг од 15 дена.

9.6. Купувачот не треба да плати нарачка, којашто е предмет на рекламација, односно чиешто преземање го одбил. Плаќањето може да го задржи до отстранувањето на грешката или утврдениот недостаток. Ако плаќањето е извршено во целост, тоа не значи дека купувачот ја признава правилноста и исправноста на извршената нарачка, ниту дека со тоа се откажува од правата, коишто му припаѓаат со гаранцијата за грешки и/или по основ на гаранцијата.

9.7. Страните може да се договорат дека купувачот во трекот на гарантниот рок како гаранција за барањата од гаранцијата може да го задржи плаќањето до 10 % од вредноста на нарачката. На задржаните средства не се пресметува камата.

9.8. Ако добавувачот не ја отстрани рекламацијата или грешката, купувачот има право, особено (листата не е исклучива и е напишана само како пример):

- во целост или делумно да ја откаже нарачката без отштета,
- да побара намалување на цената,
- на трошок на добавувачот самиот да изврши поправка, да купи нови стоки или да му ја довери испораката на стоките, односно извршувањето на услугата на трето лице и
- да побара отштета за настанатата штета.

9.9. Добавувачот ги сноси трошоците и опасноста од оштетување и уништување за враќање на испорачани стоки со грешка.

9.10. Последиците од пречките, коишто ќе настанат во деловниот процес поради лош квалитет, квантитет, односно постоење на друга грешка, ги сноси добавувачот. Висината на трошоците се пресметува за секој случај одделно.

9.11. Добавувачот мора веднаш да го извести купувачот за каков било недостаток на стоките, односно услугата, со којашто е запознаен, со што се ограничуваат евентуалните подоцнежни штетни последици.

9.12. Добавувачот мора на сопствен трошок да му обезбеди на купувачот одбрана во сите судски постапки во врска со одделна набавка, коишто трети лица би ги покренале против купувачот и да му ги надомести сите настанати трошоци и штета.

9.13. Ако не е договорено поинаку, добавувачот за одделна нарачка, испорачани стоки и извршени услуги дава гаранција од 24 месеци за исправност на испорачаните стоки и извршените услуги. Гарантниот рок почнува да тече од денот на преземањето на стоките, односно извршената услуга од страна на купувачот, а во случај на рекламација тој почнува повторно да тече по отстранувањето на грешката. За да се избегне недоразбирање, обврската за гаранција според оваа точка 9.13 од условите за соработка важи покрај одговорноста за грешки според точка 9.2 и 9.3 од овие услови за соработка, поради тоа купувачот може да остварува права како по основ на одговорноста за грешки според точка 9.2 и 9.3, така од условите за соработка.

9.14. Добавувачот се обврзува дека на купувачот ќе му обезбедува помош во случај на судски спорови во врска со одделна набавка и дека веднаш ќе му го достави името на производителот, увозникот, под-добавувачот или подизведувачот, којшто учествува во извршувањето на набавката, сите потребни податоци за одбрана од барањата, коишто произлегуваат од гаранцијата за производите и целата потребна документација во врска со испорачаните стоки, односно извршената услуга.

9.15. Добавувачот мора да му обезбеди на купувачот резервни делови за испорачаните стоки, односно извршената услуга, најмалку десет години по извршената испорака на стоките, односно извршената услуга. Кога добавувачот ќе утврди дека производителот престанал да произведува резервни делови, тој мора за тоа да го

извести купувачот веднаш, односно најдоцна шест месеци пред престанувањето на производството.

## 10 Посебни одредби за машинска и програмска опрема

10.1. Машинската и програмската опрема, ако не е договорено поинаку, се сметаат како една единица.

10.2. За програмска опрема, којашто е изработена специјално за купувачот, се смета дека е преземена ако во согласност со спецификацијата во текот на пробната работа во траење од најмалку четири недели работела задоволително и без грешки. Во случај на постоење на сомневање, тој рок почнува да тече од денот на комерцијалната употреба на програмската опрема од страна на купувачот.

10.3. Добавувачот мора во рамките на гаранциските обврски бесплатно да му ги стави на располагање на купувачот сите верзии на програмската опрема, коишто содржат исправки и ажурирања (англ. updates). Покрај тоа, добавувачот се обврзува дека на купувачот за испорачаната програмска опрема најмалку пет години ќе му обезбедува одржување според условите, коишто преовладуваат на пазарот.

10.4. Ако не е договорено поинаку, добавувачот, најдоцна при примопредавањето, мора на купувачот за испорачаната програмска опрема да му го предаде изворниот код на соодветен електронски медиум, зависно од состојбата на техниката. Исто така, добавувачот мора на купувачот да му ги предаде сите системски лозинки и сите други потребни упатства (на пр. упатства за употреба, содржина и структура на носачот на податоци, програма и план за текот на податоците, постапки и програми за тестирање и постапување во случај на грешки), коишто му се потребни на купувачот за непречено управување со програмската опрема.

10.5. И за испорачана програмска опрема во целост се применува точката 12.1 од овие услови за соработка, односно добавувачот гарантира, дека има полно право да му ги пренесе на купувачот правата од интелектуална сопственост врз програмската опрема и, освен ако со одделна нарачка не е писмено договорено поинаку, добавувачот (изведувачот) врз основа на одделна набавка и согласно со одредбата од точка 12.1 од овие услови за соработка му ги пренесува на купувачот сите права од интелектуална сопственост врз програмската опрема, којашто е предмет и содржина на одделна набавка, и тоа на начинот, определен во точка 12.1 од овие услови за соработка. Купувачот правата од интелектуална сопственост врз програмската опрема ги стекнува за подрачјето на целиот свет во неограничен обем и за неопределен временски период (односно трајно). Купувачот може правата од интелектуална сопственост врз програмската опрема да ги пренесува понатаму за или без паричен надомест без согласност на добавувачот.

10.6. За да се избегне недоразбирање, согласно со претходната точка 10.5 на купувачот му се пренесуваат и сите права од интелектуална сопственост врз изворниот код на програмската опрема, така што купувачот да може програмската опрема и изворниот код на таа програмска опрема неограничено да ги користи во изменета или неизменета форма, да ја репродуцира, менува, односно да ја користи и експлоатира на

каков било друг начин, без да му биде потребна каква било согласност на добавувачот за тоа, односно без да мора за тоа да плаќа каков било дополнителен надомест.

10.7. Ако добавувачот ја развива програмската опрема врз основа на програмска опрема на други производители (на пр. Мајкрософт, ИБМ или Оракл), добавувачот мора да гарантира дека купувачот може да ја менува развиената програмска опрема, а добавувачот да не треба да го достави изворниот код за програмската опрема на тие други производители.

10.8. Купувачот го задржува правото да врши тестирање на ИТ околината со цел да обезбеди информационите средства на купувачот и неговите бази на податоци да бидат соодветно заштитени. Околините, коишто може да бидат вклучени во таквото тестирање, главно ги опфаќаат следните околности, но не се ограничени само на нив:

- непречено извршување на деловните процеси;
- обезбедување на континуитет во работењето, вклучувајќи готовност и обновување по несреќи;
- следење на тестирањата на обновување по катастрофа;
- постапки за сигурносно архивирање, копирање, обновување и пренос на податоци, вклучувајќи проверка дали медиумот за сигурносно копирање е читлив, како и проверка на записите/уредите за управување со податоците на самото место, и
- постапки и услови за заштита на податоците, вклучувајќи го правото на вршење на основна процена на сигурноста и достапноста на податоците, како и периодично планирано вршење на тестирање на упад (т.н. пенетрациски тест).

10.9. Добавувачот се обврзува дека ќе учествува во програмите на купувачот за создавање на свест за безбедноста во областа на информациската и комуникациската технологија (во продолжение: ИКТ) и обуките во областа на дигиталната оперативна отпорност на финансиските субјекти. За содржината и терминот страните за секој одделен случај ќе се договорат напоредно. Купувачот ќе го извести добавувачот за терминот и содржината на потребното учество, коишто се предлагаат ќе го извести најмалку 14 дена однапред. Во случај ако органот, надлежен за надзор над купувачот, побара почесто учество од причини на страната на добавувачот или ако самиот купувач препознае таква потреба, договорните страни подетално ќе го уредат дополнителното учество.

10.10. Во случај на откажување или престанување на односот, добавувачот, без оглед на отказниот рок, се обврзува дека во преодниот период, во согласност со излезната стратегија на купувачот:

- ќе му овозможи да премине кај друг добавувач или на решенија во рамките на сопственото претпријатие, така што ќе му ги обезбеди потребните податоци и информации, структури на податоци, техничка документација и поддршка и нема да го попречува во таквото преминување;
- со цел намалување на ризикот од пречки кај купувачот, и понатаму ќе ги врши договорните услуги до нивното функционално преземање од страна на другиот изведувач. Доколку купувачот се реши за миграција на податоците и друга содржина, доставена до добавувачот, кон друг добавувач, добавувачот во предодниот период во согласност со излезната стратегија на купувачот ќе соработува со купувачот така што ќе му го олесни преминот кај друг добавувач и ќе му овозможи безбедно предавање на податоците, на пр. користење на безбеден електронски канал, како што е пристап до серверот преку којшто на купувачот ќе му бидат предадени сите лични и нелични

податоци, со цел да може континуирано да го врши своето работење. По преземањето на сите податоци, договорните страни писмено ќе го потврдат предавањето на податоците и во тој случај електронскиот канал може да се затвори, односно да се укине.

# 11 Задржување на набавка, промена или откажување на договорот

11.1. Купувачот го задржува правото во секое време од добавувачот да побара задржување на исполнувањето на набавката. Во случај на задржување, коешто трае непрекинато повеќе од три месеци, добавувачот може на купувачот да му достави детален опис на настанатите трошоци. По три месеци тој може нив и да ги наплати од купувачот, но не за првите три месеци. Загубата на очекуваната добивка не е трошок, којшто би настанал поради задржување на нарачката.

11.2. Ако изведувачот:

- стане инсолвентен или ако судот донесе одлука за почеток на постапка а присилно порамнување или стечај или
- не започне да ги извршува договорните обврски ниту во договорниот рок ниту во дополнителниот рок, којшто ќе го определи нарачателот, или
- не го постигнува квалитетот, договорен со договорот и ако не го воспостави ниту во дополнителниот рок, којшто ќе го определи нарачателот, или
- не ги исполнува обврските според одделна нарачка, или
- постапува така што индиректно или директно му наштетува на угледот на нарачателот,

нарачателот може да ги откаже набавките без отказен рок. Во тој случај изведувачот мора да ја плати целата штета, којашто ќе настане поради откажувањето на нарачателот од договорот и/или одделна нарачка.

11.3. Нарачателот може да ги откаже набавките со дејство веднаш и без отказен рок и во случај ако:

а. изведувачот сторил кривично дело или против него е воведена преткривична или кривична постапка;

б. изведувачот (директно или индиректно) бил вклучен во каква било ситуација, дејност или активност или поврзан со таква ситуација, дејност или активност (без оглед на тоа дали ќе ја предизвика изведувачот или трето лице), којашто:
   - според мислењето на нарачателот негативно влијае врз угледот на нарачателот или кој било аспект на неговото работење, особено врз угледот на трговските марки или услуги на нарачателот;
   - би го изложила нарачателот или кој било аспект од неговото работење на лош углед, скандал, потсмев или негирање или би можела да предизвика шокирање, навредување или навреденост на јавноста на која било територија каде што работи нарачателот;
   - може да влијае на испораката, успешната продажба и користењето на производите или услугите на нарачателот;

в. поради непочитување на човековите права, законодавството, односно даночните прописи, прописите од областа на работните односи, безбедноста и здравјето при работа, заштитата на животната средина и заштитата на личните податоци и какви било други прописи, коишто на кој било начин се однесуваат

на работењето и работењето на изведувачот, против изведувачот е покрената или започната судска, управна, инспекциска, надзорна или која било друга постапка, односно против него е изречена каква било мерка или каква било санкција;

г. исполнувањето на договорните обврски би претставувало прекршување на какви било трговски или економски ограничувачки мерки, односно санкции, коишто би ги преземале меѓународни организации или одделни држави;

д. застапниците, овластените лица, основачите, содружниците, сопствениците, вршителите на надзор, вработените или кои било други лица, поврзани со изведувачот, се директно или индиректно вмешани во какви било коруптивни дејствија или се поврзани со нив, дури и тогаш кога постои само сомневање за такви коруптивни однесувања;

ѓ. изведувачот со лажно прикажување на податоците за производот или услугата се здобие со корист и погодности од деловниот однос, коишто му наштетуваат на угледот на нарачателот;

е. изведувачот во договорните односи не постапува како добар стопанственик и не ги штити интересите на нарачателот и

ж. постои каков било друг случај, којшто е сличен со кој било случај од оваа точка 11.3 од условите за соработка.

Појавувањето на каква било ситуација, како што е определена во оваа точка 11.3 од условите за соработка се смета за значајно прекршување на набавката од страна на изведувачот и причина за откажување на набвките од страна на нарачателот со дејство веднаш и без отказен рок, без оглед на тоа дали изведувачот ја предизвикал ситуацијата или не односно без оглед на тоа дали изведувачот е одговорен за настанување на таквата ситуација.

11.4. Нарачателот како договорна страна не одговара за невистинити или неточни изјави на изведувачот, коишто им ги дал на трети лица. Кога изведувачот со давање на невистинити или неточни изјави на трети лица ќе предизвика материјална или морална штета, нарачателот, покрај правото да ги откаже набавките со дејство веднаш, има право да побара и надомест на целата настаната штета.

11.5. Постоењето на која било околност од точките 11.2, 11.3 и/или 11.4 од овие услови за соработка или какво било прекршување на кој било договор или набавка од страна на изведувачот претставува причина и основа нарачателот да може со дејство веднаш и без отказен рок да раскине некои и/или сите договори и нарачки, склучени со изведувачот (т.н. *клаузула за вкрстено прекршување на обврските*).

11.6. Договорот, односно нарачката, склучена за неопределено време, која било страна од постапката на набавка може редовно да го раскине со тримесечен отказен рок, ако не е писмено договорено поинаку.

11.7. Евентуалните измени или дополнувања на одделна нарачка се важечки само ако се склучени писмено.

## 12 Права од интелектуалната сопственост

12.1. Добавувачот гарантира дека има полно право да му ги пренесе на купувачот правата од интелектуалната сопственост врз испорачаните стоки и извршената услуга, бидејќи во спротивно одговара пред него за целата штета. Ако со одделна набавка не е договорено поинаку во писмена форма, добавувачот (изведувачот) врз основа на одделна нарачка му ги пренесува на купувачот (нарачателот) сите права од интелектуалната сопственост врз стоките, услугите, производите, предметите и останатото, што е предмет и содржина на одделна набавка. За права од интелектуалната сопственост се сметаат пред сè, но не исклучиво, патенти, применливи модели, права на пронајдоци, авторски и сродни права, сите други права, коишто се поврзани со авторското право, трговската марка и услужната марка или произлегуваат од нив, имињата на претпријатијата и домените, правата на дизајн на визуелниот идентитет и комерцијалниот изглед, угледот и правото на тужба поради фалсификување или нелојална конкуренција, знаењето и искуството (англ. know-how), правата на модели, правата на збирки на податоци и сите други права од интелектуалната сопственост, без оглед на тоа дали тие се регистрирани или нерегистрирани, вклучувајќи ги сите права во врска со пријавувањето, одобрувањето, стекнувањето, обновувањето, продолжувањето или проширувањето на правата од интелектуалната сопственост, како и сите слични или еквивалентни права или форми за заштита, коишто постојат сега или ќе постојат во иднина во кој било дел од светот. Правата од интелектуална сопственост изведувачот ги пренесува неотповикливо, преносливо, неисклучиво и неограничено (трајно, на светско ниво и за каква било цел), без понатамошно плаќање (англ. royalty-free), бидејќи преносот на правата од интелектуалната сопственост е веќе вклучен во договорната цена на одделната набавка. Преносот на правата од интелектуалната сопственост особено важи за правото на јавно прикажување, правото на ставање на располагање на јавноста, правото на репродуцирање, правото на дистрибуирање, правото на издавање под закуп и правото на преработка, при што нарачателот може сите права од интелектуалната сопственост да ги извршува во електронска, печатена или друга форма, односно да ги остварува на некој друг начин. Преносот на правото на преработка особено значи дека нарачателот може испорачаните стоки и/или извршената услуга да ги дополнува, односно да ги менува, односно одделни стоки или услуга да ги користи и да ги преработува според сопствената процена.

12.2. Материјалите, примероците и сл., коишто купувачот ќе му ги стави на располагање на добавувачот за извршување на набавката, остануваат во сопственост на купувачот и тие треба одделно да се складираат, да се означуваат и треба одделно да се управува со нив. Трошоците, поврзани со тоа, како и опасноста од уништување ги сноси добавувачот. Материјалите може да се користат исклучиво за извршување на набавката.

12.3. Добавувачот гарантира дека при извршувањето на одделните набавки нема да бидат прекршени никакви права од интелектуалната сопственост на купувачот, при што поимот права од интелектуална сопственост го има значењето како што е определено о точката 12.1 од овие услови за соработка.

# 13 Деловни тајни и доверливи податоци

13.1. За потребите на извршување на одделни нарачки купувачот (нарачателот) ќе му обелодени на добавувачот (изведувачот) деловни информации, податоци и деловни тајни (во продолжение: доверливи податоци).

13.2. За доверливи податоци, коишто имаат карактер на деловна тајна или претставуваат каква било тајна или доверлив податок, се сметаат сите податоци (на пр. информации, технички податоци, нацрти, скици, слики, спецификации, стандарди, упатства за употреба, конструкции, обрасци, процеси, информации, списоци, патенти, заштитни знаци, деловни тајни, компјутерски програми, програмска опрема, збирки на податоци и документација на програмската опрема и доверливи деловни податоци, коишто содржат информации, знаење и финансиски, ценовни или маркетиншки податоци, коишто се однесуваат на деловните операции на страната, којашто ги обелоденува доверливите податоци), доставени во каква било форма и на каков било начин, односно усно или писмено, кодирано, графички или во друга опиплива форма, вклучувајќи каква било електронска, магнетна или оптичка форма, материјализирани во форма на документи, програмска опрема, промотивен материјал и материјал за презентација, опрема и пилот проекти, како и нематеријализирани, кога се претставени усно и определени како доверливи. За доверливи податоци, а со тоа и за деловна тајна, се сметаат и податоците во врска со коишто е очигледно дека би настанала значајна штета кога за нив би дознало неовластено лице.

13.3. Изведувачот не смее доверливите податоци да им ги обелоденува на трети неовластени лица и неовластени вработени на изведувачот, коишто немаат непосреден интерес, односно не учествуваат во обработката на одделната нарачка (во продолжение: неовластени лица), за да се спречи значителна штета, којашто би можела да настане за нарачателот во случај на обелоденување на доверливи податоци на неовластени лица. Изведувачот ќе го ограничи пристапот до доверливи податоци само на тие лица, коишто учествуваат во извршувањето на одделна нарачка.

13.4. Изведувачот е запознаен дека Сава Ре е јавно акционерско друштво, чиишто хартии од вредност котираат на организираниот пазар на хартии од вредност, затоа за неа во согласност со одредбите на важечкиот Закон за пазарот на финансиски инструменти важат посебни правила во однос на заштитата на интерните информации. Изведувачот се обврзува дека добиените интерни информации ќе ги чува како деловна тајна, во согласност со одредбите на важечкото законодавство и евентуалните дополнителни упатства на Сава Ре и дека нема да ги злоупотреби за сопствена сметка или за сметка на трети лица.

13.5. Изведувачот се обврзува дека трајно ќе ја зачува доверливоста на доверливите податоци, коишто ќе ги добие од нарачателот и воедно се обврзува и дека нема да ги користи на никаков начин, освен како што е договорено со набавката. Доверливите податоци може да се користат само за деловната соработка, за којашто се добиени.

13.6. За доверливи податоци не се сметаат податоците, коишто се јавни. Барањето за заштита на доверливите податоци престанува од денот кога тие податоци или делови од нив ќе станат јавни, освен ако доверливите податоци не станат јавни поради прекршување на одделна набавка од страна на изведувачот. Исто така, не постои

обврска за необелоденување на доверливи податоци (односно не станува збор за доверливи податоци) во кој било од следните случаи:

а. ако договорната страна писмено го одобрила обелоденувањето или користењето на тие доверливи податоци;
б. ако нарачателот законито ги добил таквите податоци од трето лице, без каква било обврска за заштита на доверливоста;
в. ако нарачателот независно ги развил податоците или ако тие дошле во негов посед без какво било повикување на доверливост на информациите, односно доверливост на податоците или
г. ако нарачателот му ги обелодени податоците на кој било судски, административен, инспекциски, надзорен или друг државен орган, односно тело, коешто од него ги побарало таквите податоци, при што се обврзува дека:
   - пред какво било обелоденување на доверливите податоци веднаш писмено ќе го извести нарачателот за постоењето, условите и околностите во врска со таквото барање на органот;
   - ќе се посоветува со нарачателот за примената на расположливите правни мерки за спротивставување на таквото барање на органот и/или стеснување на опфатот на таквото барање на органот, а воедно ќе му дозволи на нарачателот самиот да донесе такви правни мерки;
   - ќе се договори со нарачателот за содржината и формата на доверливите податоци, коишто согласно со законот треба да му се обелоденат на органот и
   - кога обелоденувањето на доверливи податоци го наложува законот, тој со сите сили ќе настојува да добие сигурна писмена гаранција, дека податоците, коишто ќе се обелоденуваат, ќе се третираат доверливо.

13.7. Изведувачот се обврзува дека неговите вработени, коишто учествуваат во одделна набавка, ќе бидат запознаени со одредбите на овие услови за соработка, дека соодветно ќе ги заштитуваат доставените податоци и дека ќе бидат запознаени со нивната доверливост. Обврските од овие услови за соработка ги обврзуваат и нив.

13.8. Изведувачот е свесен дека прекршувањето на одредбите од ова поглавје 13 може да предизвика штета за нарачателот. Поради тоа нарачателот во случај на прекршувања има право да го остварува правото на судска заштита, со којашто од изведувачот ќе побара веднаш да престане со прекршувањата, коишто се закануваат или фактички постојат. Покрај тоа, изведувачот, којшто ги крши одредбите од ова поглавје 13, мора да му плати на нарачателот отштета за секоја материјална и нематеријална штета, којашто ќе настане поради забрането однесување (вклучувајќи и изгубена добивка) и да ги надомести сите неосновано стекнати користи.

13.9. Должноста за заштита на доверливите податоци не престанува во случај на престанување на важноста на одделна набавка, без оглед на причината за престанувањето на нарачката.

13.10. Во случај на престанување на важноста на одделна набавка, изведувачот мора на нарачателот веднаш да му ја врати целата документација и сите податоци (доверливите и сите други податоци), коишто изведувачот ги добил врз основа на одделна набавка или во врска со неа.

# 14 Обезбедување на адекватност на кадарот и гаранции на изведувачот

14.1. Изведувачот гарантира дека услугите според одделните набавки, ќе ги врши стручно и во согласност со важечките законски прописи и стандарди и/или нормативи, коишто за одделни услуги ги определуваат производителите и/или реалните услови на пазарот на услуги, коишто се предмет на одделна нарачка. Изведувачот ќе ги врши услугите со примена на толкав степен на умешност, внимание, претпазливост, ефикасност, предвидување и навременост како што би се очекувал од водечка компанија во соодветна индустрија или во соодветна деловна област.

14.2. Изведувачот исто така гарантира дека предметот на одделните набавки ќе го извршува со соодветно квалификуван, односно сертифициран стручен кадар, за што на негов повик на нарачателот ќе му достави соодветни докази. Бројот на квалификуваниот кадар во времето на извршувањето на одделна набавка мора да биде доволен за извршување на обврските од одделната нарачка. Ако нарачателот процени дека резултатот на еден или повеќемина стручњаци на изведувачот не е задоволителен, тој има право да побара од изведувачот да ги замени со други стручњаци со исти квалификации, без какви било трошоци за нарачателот.

14.3. Изведувачот за исполнување на договорните обврски може како подизведувачи да вклучи надворешни стручни соработници само ако претходно добие писмена согласност од нарачателот. Изведувачот се обврзува дека подизведувачите, вклучени на тој начин, ќе имаат соодветно стручно знаење и дека во смисла на изведбата во целост ќе ги почитуваат одредбите на одделната набавка. Изведувачот за услугите, коишто според одделната нарачка ги вршат неговите надворешни стручни соработници и подизведувачи, одговара како во целост да ги извршил самиот тој.

14.4. Понатаму, изведувачот се обврзува дека:

- при извршувањето на задачите според одделните набавки ќе го примени целото знаење и искуство, коешто ги стекнал при извршувањето на својата дејност и дека сите свои обврски според одделните нарачки, ќе ги извршува согласно со стандардите на врвен стручњак;
- задачите, коишто се предмет на одделните набавки, ќе ги изврши совесно, стручно, квалитетно и во роковите, определени во одделната набавка и дека на нарачателот ќе му ја достави бараната документација;
- ќе му ги достави на нарачателот сите релевантни информации во врска со предметот на одделната набавка и дека ќе го извести за сите околности, коишто се важни за исполнување на правата и обврските на договорните страни;
- ќе раководи со интерниот надзор над извршувањето на работите и задачите според одделна нарачка;
- нарачателот веднаш ќе го извести за евентуалните причини за доцнење при извршувањето на договорно договорените услуги;
- ќе го следи понатамошниот развој на технологијата, којашто е предмет на одделна нарачка и ќе го известува нарачателот за новите насоки, трендови и методологии во таа област и
- во согласност со индустриските стандарди ќе обезбедува заштита од упади и во разумна мера ќе препорачува инсталирање на безбедносни исправки и надградба на системската околина за да се обезбеди подобра заштита.

# 15 Систем на информациска безбедност

15.1. Изведувачот дозволува нарачателот по потреба да изврши проверка на системот на информациска безбедност кај изведувачот и со тоа да обезбеди информациската безбедност да биде дел од постапката за извршување на услугите за нарачателот од страна на изведувачот. Изведувачот ќе му овозможи на нарачателот вршење на ревизија на договорно договорените услуги, којашто ќе ја изврши овластена внатрешна или надворешна ревизија за нарачателот или регулаторот, надлежен за надзор над нарачателот. Нарачателот ќе го извести изведувачот за вршењето на ревизијата на договорно договорените услуги најмалку седум дена пред почетокот на ревизијата, освен ако законот или надлежниот државен орган не определи поинаку. Обемот на ревизорските прегледи се однесува исклучиво на договорно договорените услуги, процеси и активности, коишто изведувачот ги врши за обезбедување на услуги. Ревизорскиот тим ќе ги извршува активностите во текот на вообичаеното работно време на изведувачот, а изведувачот во текот на ревизијата ќе обезбеди соодветен пристап до ревидираната област, вклучувајќи ја инфраструктурата, персоналот и постојната документација, како и соодветна работна просторија за ревизорскиот тим, во којашто има пристап до програмската опрема.

15.2. Во текот на вршењето на ревизијата изведувачот ќе му обезбеди на ревизорскиот тим пристап до целата своја оригинална документација и до податоците, физички или логични, за да ги добие потребните податоци/информации со соодветен директен пристап до носачите на податоци, на коишто се зачувани. Нарачателот има право со користење на програмската опрема за ревидирање и други алатки за прибирање на податоци и подготовка на извештаи за пристап до датотеките со податоци и збирките на податоци, коишто содржат податоци на известувачот или податоци, коишто се однесуваат на него. Нарачателот го задржува правото да врши тестирање на ИТ околината на изведувачот, со што ќе обезбеди информациските средства на нарачателот да бидат соодветно заштитени. Областите, коишто може да бидат вклучени во таквото тестирање, може да вклучуваат, но не се ограничени на:

- континуитет во работењето, вклучувајќи готовност и обновување по несреќи;
- следење на тестирањата на обновувањето по катастрофа;
- постапки за безбедносно копирање, обновување и пренос на податоци, вклучувајќи проверка дали медиумот за безбедносно копирање е читлив, како и проверка на записите/уредите за управување со податоците на самото место;
- постапките и условите за заштита и доверливост на податоците, вклучувајќи го правото на вршење на основна процена на безбедноста/доверливоста а податоците, повторно периодично вршење на тестирање на безбедноста/доверливоста и планирани тестирања на упад (т.н. пенетрациски тестови).

15.3. Кога изведувачот евентуалните грешки во компјутерските апликации, односно поврзаните системи на нарачателот, коишто се предмет на одделна набавка, ќе ги отстранува на далечина, нарачателот го задржува правото на следење на активностите на извесувачот врз тие системи на начин, којшто овозможува целосно следење на сите активности, извршени со механизми, коишто овозможуваат работа на далечина. Тоа вклучува соодветни технички алатки за надзор и следење на настани, коишто може да се прибираат во форма на настани, запишани во дневник или сликовен материјал.

15.4. Ако во постапката на ревизија не се утврдени неправилности, односно ако се утврдени помали неправилности, коишто не значат прекршување на одделна набавка,

сите настанати трошоци за ревизијата се на товар на нарачателот. Ако во постапката ревизија бидат утврдени неправилности, коишто значат прекршување на одделната набавка, трошоците ги покрива изведувачот.

## 16 Обработка на лични податоци

16.1. Кога извршувањето на набавката која било обврска, којашто произлегува од нарачката или надзорот на извршувањето на нарачката, вклучува обработка на лични податоци, се применуваат Уредбата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и Совет од 27 април 2016 год. за заштита на лицата при обработката на личните податоци и за слободен проток на такви податоци и за поништување на Директивата 95/46/ЕЗ (во продолжение: Општа уредба за заштита на податоците) и националните прописи од областа на заштитата на личните податоци, коишто важат за нарачателот. Изведувачот се обврзува дека при извршувањето на набавките во целост ќе ги почитува одредбите на Општата уредба за заштита на податоците и националните прописи од областа на заштитата на личните податоци, коишто важат за нарачателот, без оглед на тоа дали со личните податоци ќе се запознае при непосредното вршење на услугите или испораката на стоките на локацијата на контролорот или обработувачот, при надзор на спроведувањето на одредбите на одделна нарачка, преку писмена документација или на некој друг начин.

16.2. Изведувачот во случај на обработка на лични податоци за нарачателот е обврзува дека:

а. ќе ги обработува личните податоци само според документарните упатства на нарачателот, вклучувајќи и во врска со преносите на лични податоци во трета држава или меѓународна организација, освен ако обработката од него ја наложува правото на Европската унија или држава членка, коешто важи за неа; во последниот случај изведувачот за тоа правно барање пред обработката на податоците ќе го извести нарачателот, освен ако предметното право забранува такво известување врз основа на значајни причини во јавен интерес;

б. ќе обезбеди лицата, коишто се овластени за обработка на личните податоци, да имаат обврска за доверливост или таа обврска да произлегува од соодветен закон;

в. ќе ги преземе сите мерки, потребни во согласност со член 32 од Општата уредба за заштита на податоци, при што ќе го извести нарачателот кои мерки ги обезбедува;

г. нема да вработи друг обработувач без претходна посебна или генерална писмена дозвола на нарачателот. Во случај на генерална писмена дозвола, изведувачот ќе го извести нарачателот за сите промени што има намера да ги изврши во врска со вработување на дополнителни обработувачи или нивна замена, со што ќе му овозможи на нарачателот да им се спротивстави на тие промени; кога изведувачот ќе задолжи друг обработувач за вршење на специфични активности на обработка во име на нарачателот, за тој друг обработувач врз основа на договор или друг правен акт во согласност со правото ан Европската унија или држава членка важат истите обврски за заштита на податоците како што се определени во договорот или друг правен акт меѓу нарачателот и изведувачот, особено за обезбедување на доволни гаранции за спроведување на соодветни технички и организациски мерки на начин обработката да ги исполнува барањата на Општата уредба за заштита на податоците. Кога тој друг обработувач нема да ги исполни обврските за заштита на податоците, изведувачот и понатаму е во целост одговорен пред нарачателот за исполнување на обврските на другиот обработувач;

д. земајќи го предвид карактерот на обработката, ќе му помага на нарачателот со соодветни технички и организациски мерки, колку што е можно, во исполнувањето на неговите обврски, за да одговори на барањата за остварување на правата на лицето, на коешто се однесуваат личните податоци, од поглавјето III од Општата уредба за заштита на податоци;

ѓ. ќе му помогне на нарачателот во исполнувањето на обврските од членовите 32 до 36 од Општата уредба за заштита на податоци, земајќи го предвид карактерот на обработката и информациите, коишто му се достапни на изведувачот;

е. во согласност со одлуката на нарачателот ќе ги избрише или ќе му ги врати сите лични податоци на нарачателот по завршувањето на услугите во врска со обработката и ќе ги уништи постојните копии, освен ако правото на Европската унија или на државата членка не пропишува зачувување на личните податоци;

ж. ќе му ги стави на располагање на нарачателот сите информации, потребни за докажување дека се исполнети обврските од овој член и на нарачателот или на друг ревизор, којшто ќе го овласти нарачателот, ќе му овозможи вршење на ревизии, како и прегледи, и ќе учествува во нив, при што изведувачот веднаш ќе го извести нарачателот ако упатството според неговото мислење ја прекршува Општата уредба за заштита на податоци или други одредби од прописите на Европската унија или државите членки за заштита на лични податоци;

з. уште пред првата обработка на лични податоци ќе склучи со нарачателот посебен договор или ќе донесе друг правен акт во согласност со правото на Европската унија или на државата членка, којшто ќе ги определива обврските на изведувачот како обработувач кон нарачателот како контролор, во којшто ќе бидат определени содржината и траењето на обработката, карактерот и целта на обработката, видот на лични податоци, категориите на лиза на коишто се однесуваат личните податоци, како и обврските и правата на нарачателот како управувач и со коишто подетално се уредуваат извршувањето на обврските на изведувачот од претходните алинеи и евентуалните други односи во врска со заштитата на личните податоци. Изведувачот не смее да ги обработува податоците додека не бидат исполнети барањата од оваа алинеја.

## 17 Должност за учество во ревизиите

17.1. Добавувачот е запознаен со дејноста на купувачот и со фактот дека тој подлежи на постојан надзор од страна на надворешни ревизии и на регулаторот и се согласува дека на ревизорскиот тим ќе му овозможи да се изврши ревизија на договорените и извршените услуги од страна на внатрешната ревизија на купувачот, надворешна ревизија, којашто ќе ја определи купувачот или регулаторот.

17.2. Купувачот мора да го извести добавувачот за вршењето на ревизија на договорените и извршените услуги најмалку седум дена пред започнувањето на ревизијата. Обемот на ревизорските прегледи се однесува исклучиво на договорените и извршените услуги, процеси и активности, коишто добавувачот ги врши за купувачот.

17.3. Ревизорскиот тим ќе ги извршува активностите во текот на вообичаеното работно време на купувачот и добавувачот. Добавувачот во текот на вршењето на

ревизијата ќе обезбеди соодветен пристап до ревидираната област, вклучувајќи инфраструктура, персонал и постојната документација, како и соодветен работна просторија за ревизорскиот тим, којшто потребен пристап до програмската опрема.

17.4. Во текот на вршењето на ревизијата добавувачот на ревизорскиот тим ќе му обезбеди пристап до целата своја оригинална документација и податоци, физички или електронски, потребни за постигнување на целта на ревизијата. Овластениот ревизорски тим има право да ги добие потребните податоци и информации за добавувачот или купените стоки, односно извршените услуги со соодветен директен пристап до носачите на податоците, на коишто се зачувани наведените податоци и информации.

17.5. За потребите на ревизијата добавувачот ќе му дозволи на купувачот користење на програмска опрема за ревидирање и други алатки за пристап и прибирање на податоци, како и подготовка на извештаи од базите на податоци и збирките на податоци, коишто содржат податоци на добавувачот или податоци, коишто се однесуваат на него и на одделна набавка.

## 18 Заштита и здравје при работа

18.1. При извршувањето на работите од набавката добавувачот мора кај купувачот да постапува согласно со одредбите на законите коишто ги уредуваат безбедноста и здравјето при работа и да ги почитува сите посебни протоколи, мерки и барања, коишто ќе се појават при извршувањето на работите, коишто произлегуваат од набавката.

18.2. Страните на постапката на набавките со цел обезбедување на безбедност и здравје во деловните простории или на локацијата каде што се извршуваат работите на купувачот мора:

- работите на заедничката локација да ги извршуваат и да ги организираат согласно со важечкото законодавство од областа на безбедноста и здравјето при работа, така што ќе обезбедат безбедност и здравје за своите вработени и безбедност и здравје за вработените на персоналот на изведувачот, евентуалните подизведувачи, посетителите и други лица и
- да го почитуваат пропишаниот пожарен куќен ред, извадокот од пожарниот куќен ред, планот за спасување, важечкиот куќен ред и сите упатства за безбедна работа на купувачот;

18.3. При извршувањето на работи во деловните простории на купувачот или на неговите работни локации добавувачот мора:

- да обезбеди неговиот персонал да биде осигурен здравствено и за случај на инвалидност, стручно обучен од областа на безбедноста и здравјето при работа и обучен од областа на заштитата од пожар, здравствено способен и при работата да ги користи пропишаните средства и опрема за работа и соодветната заштитна опрема;
- да обезбеди сите средства за работа, коишто ќе ги користи, да бидат соодветно проверени и исправни и опремени со упатства за безбедна работа;
- соодветно да ја обезбеди и означи локацијата, каде што ќе ги извршува работите и да спречи пристап на неповикани лица во случај на опасност од повреди и од можност за наштетување на здравјето;

- опасните материи, коишто се опасни и штетни по здравјето, да ги чува само во потребните количини, согласно со безбедносните листови за одделни опасни материи;
- да обезбеди патиштата за евакуација и интервенции да бидат постојано слободни и проодни;
- да ги запознае своите вработени со потребните безбедносни мерки.

18.4. На добавувачот му е забрането самоволно да интервенира во средства, уреди или машини, коишто се сопственост на купувачот или на некој друг. Купувачот не смее да интервенира во средствата за работа на добавувачот.

18.5. Во деловните простории и на локациите за работа на купувачот е забранета употреба на отворен оган без обезбедено присуство и надзор на обучен пожарникар.

18.6. Во деловните простории на купувачот е забрането пушењето.

18.7. Купувачот има право да запре со работите во деловните простории или на работната локација ако утврди дека изведувачите не ги почитуваат пропишаните, договорените, односно потребните безбедносни прописи и мерки, што би можело да ја загрози безбедноста и здравјето на персоналот, посетителите и други лица на работната локацијата или во објектите на купувачот, односно би можело да предизвика материјална штета на објектот или уредите.

## 19 Обврска за известување

19.1. Добавувачот се обврзува дека штом тоа ќе биде можно писмено ќе го извести купувачот за какви било статусни промени.

19.2. Добавувачот се обврзува дека ќе го извести купувачот за можноста за покренување на стечајна постапка или друга постапка поради инсолвентност, и тоа веднаш штом ќе се појави веројатност за покренување на таква постапка.

19.3. Купувачот во случај на сомневање за инсолвентност на добавувачот или подизведувачот има право од него да побара информации за опасноста од покренување на стечајна постапка или друга постапка поради инсолвентност, односно за евентуални предизвици во меѓусебната соработка и понатамошното работење поради инсолвентност.

19.4. Ако добавувачот е самостоен претприемач поединец, тој мора купувачот веднаш писмено да го извести кога најмалку 80% од своите годишни приходи ги остварува само од него и не вработува други работници.

## 20 Антикорупциска обврска

20.1. Купувачот и добавуачот изјавуваат дека во која било фаза од склучувањето, односно извршувањето на нарачката нема да му понудат, дадат или да му ветат никаква недозволена корист на кој било вработен и член на органите на раководење

или надзор кај другата страна или претставник или посредник на орган или организација од јавниот сектор, и тоа за:

- добивање на зделка или
- склучување на зделка под поповолни услови или
- невршење на должниот надзор над изведувањето на нарачката или
- друго однесување или недејствување, со коешто за другата страна е или би можела да биде предизвикана штета или овозможено стекнување на недозволена корист на кој било вработен и член на органите на раководење или надзор кај другата страна или претставник или посредник на орган или организација од јавниот сектор.

20.2. Во случај на прекршување или обид за прекршување на антикорупциската обврска од претходната точка, веќе извршената набавка е ништовна. Во случај ако набавката сѐ уште не почнала да се извршува или да се применува, се смета дека не била доставена нарачка.

## 21 Контролирање на конфликтот на интереси

21.1. Конфликтот на интереси претставува каков било приватен интерес на раководителите, односно вработените, коишто учествуваат во извршувањето на одделна нарачка или приватен интерес на членовите на потесното семејство на тие вработени, којшто би можел негативно да влијае на внимателното, економичното, чесното и ефикасното предавање или извршување на одделните нарачки.

21.2. За секој утврден конфликт на интереси секоја од страните веднаш ќе ја извести другата страна.

21.3. Изведувачот се обврзува дека ќе ги преземе сите потребни мерки за контролирање на ризиците, коишто би можеле да произлегуваат од конфликт на интереси (и дека за спроведените мерки веднаш ќе го извести нарачателот), пред сѐ, а не исклучиво со:

- отстранување на лицата, кај коишто постои конфликт на интереси, од сите понатамошни постапки, поврзани со извршувањето на одделна набавка или други мерки, коишто логично оневозможуваат таквите лица да влијаат на извршувањето на одделните нарачки;
- спроведување на постапки на надзор над веќе извршените дејствија на лица, кај коишто постои конфликт на интереси, и
- вклучување на друго лице, коешто напоредно ќе ги проверува и ќе ги одобри сите дејствија, коишто во врска со извршувањето на одделна нарачка ќе ги изврши лице, кај коишто постои конфликт на интереси.

## 22 Грижа за одржлив развој на друштвото

22.1. Во согласност со политиката за одржливост на купувачот, од добавувачот се очекува во постапката на набавка да го обелодени и својот однос кон почитувањето на животната средина, човековите и работничките права, обезбедувањето и следењето на квалитетот и на сите фактори, коишто придонесуваат за благосостојба на компанијата. Одржливиот развој, односно општествено одговорниот пристап во Групацијата за

осигурување Сава е една од основните насоли во деловната стратегија и претставува значаен аспект при донесувањето на одлуките во сите сегменти од работењето. Извештајот за одржливоста на Групацијата за осигурување Сава се подготвува во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, законот, којшто го уредува работењето на трговските друштва, директивата Солвентност II и меѓународните стандарди за известување за одржливоста Global Reporting Initiative (GRI). Еден дел од извештајот за одржливоста се однесува на односите со изведувачите.

22.2. Нарачателот ја утврдува ориентацијата на изведувачот кон одржливоста врз основа на пополнетиот прашалник. Изведувачот се обврзува дека:

- на повик на нарачателот, пред склучувањето на договорниот однос, најдоцна во рок од десет дена од приемот на наведениот прашалник, ќе му го врати на нарачателот пополнетиот прашалник и веднаш ќе го извести за секоја промена и
- ќе го пополни прашалникот со вистинити и точни податоци, и дека воедно се свесен дека пополнувањето на прашалникот со невистинити или неточни податоци се смета за доведување на нарачателот во заблуда и прекршување на овие услови за соработка и прекршување на набавките, што може да предизвика откажување на сите нарачки од страна на нарачателот без отказен рок.

22.3. Нарачателот има право да се откаже од постапката на набавката, нарачката или договорот и тоа со еднострана изјава и без отказен рок, ако добавувачот не одговори потврдно на прашањата, коишто прашалникот ги определува како прашања од суштинско значење. Добавувачот во таквите случаи мора да му ги надомести на нарачателот сите евентуални настанати трошоци и штетата.

22.4. Изведувачот гарантира дека ги почитува човековите права, коишто ги признава Општата декларација за човековите права, а особено правата на работниците, коишто ги признава Декларацијата за основните начела и права од трудот на Меѓународната организација на трудот (МОТ), а особено дека:

а. не овозможува или не дозволува детски труд или присилна работа или работа на црно;

б. не го избегнува гарантирањето на правата на вработените со користење на други форми на работа, коишто би можеле да значат прикриено вработување;

в. при работењето, наградувањето, развојот на кариерата, отпуштањето или пензионирањето не врши или не допушта никакви форми на дискриминација врз основа на националноста, полот, расата, етничкото потекло, верското убедување, политичкото мислење, возраста, инвалидноста, здравствената состојба или други лични околности;

г. на вработените во согласност со релевантното законско и подзаконско уредување им го признава, односно овозможува правото на слободно основање или учество во синдикални организации според сопствен избор и право на учество во колективни преговори;

д. на вработените им обезбедува услови за безбедност и здравје при работа во согласност со посебните прописи за безбедност и здравје при работа и презема соодветни мерки за спречување на настанување на несреќи при работа, односно штетни последици за нивното здравје;

ѓ. го почитува целото релевантно законска и подзаконско уредување на одделна дејност во однос на полното работно време, прекувремената работа, ноќната работа, паузата и одморот и годишниот одмор;

е. го почитува правото на вработените на соодветно плаќање за извршената

работа;

ж. обезбедува соодветна едукација и усовршување на работниците зависно од потребите на процесот на работата и

и. на вработените им обезбедува почитување на нивното достоинство, приватност и заштита на личните податоци.

## 23 Виша сила

23.1. Под виша сила се подразбираат сите непредвидливи и неочекувани настани, коишто ќе настапат независно од волјата на договорните страни, коишто договорните страни не можеле да ги предвидат при склучувањето на овој договор и/или договорите за изведување, односно набавките и коишто на кој било начин влијаат на извршувањето на договорните обврски и судската практика во државата на нарачателот ги признава за случаи на виша сила. Договорната страна, на чијашто страна ќе настапи вишата сила, мора да ја извести другата договорна страна за настанувањето на вишата сила во рок од три работни дена по нејзиното настанување.

23.2. Ако вишата сила на страната на изведувачот трае непрекинато 15 дена или со прекини најмалку 30 дена во период од шест месеци, нарачателот може да ги откаже сите или само некои набавки, без отказен рок и со дејство веднаш.

## 24 Конечни одредби

24.1. За постапките на набавките и нарачките, доставени во согласност со овие услови за соработка важи правото според седиштето на нарачателот, освен ако не е изречно писмено договорено поинаку.

24.2. За сè што не е определено со овие услови за соработка, важат одредбите на важечкиот Облигационен законик и релевантните когентни одредби на законите според седиштето на нарачателот.

24.3. Евентуалните недоразбирања страните ќе ги решаваат по мирен пат и вонсудски. Ако не се постигне договор, споровите ги решава стварно надлежниот суд според седиштето на нарачателот.

24.4. Условите за соработка важат за неопределено време, а се применуваат за сите нарачки направени од 1. 9. 2025 год.

24.5. Условите за соработка се објавени на интернет страницата на Сава Ре, д.д., http://www.sava-re.si/en-si/supplier-relations/

Љубљана, 25. 7. 2025 год.